Рев2.бр.407/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Беса Адеми - претседател на советот, Владимир Стојаноски, д-р Марика Матеска, Шпенд Деваја и Наке Георгиев - членови на советот, во правната работа на тужителот ДТУПТ МИЛ ТАЛ ТРЕЈД-ДООЕЛ од село Росоман-Кавадарци, против тужениот Зоранчо Динишев од село Радово, за долг, вредност на спорот 1.837.045,50 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужителот, изјавена против пресудата на Апелациониот суд Штип ГЖ.бр.31/19 од 31.05.2019 година, на седницата одржана на ден 29.10.2020 година, донесе:

# П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужителот СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Струмица со пресуда П4.бр.34/18 од 16.11.2018 година, го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот, со кое барал да се задолжи тужениот да му исплати на тужителот износ од 1.837.045,50 денари на име главен долг, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден на полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена на 8 процентни поени, сметано од 30.07.2014 година до конечната исплата, како и да се задолжи тужениот да му ги надомести трошоците сторени во постапката во вкупен износ од 112.362,00 денари. Задолжен е тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците сторени во постапката во износ од 46.940,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата, а одбиено е како неосновано поголемото барање на тужениот за надомест на парнични трошоци, за износ од уште 63.507,00 денари над досудениот износ.

Апелациониот суд Штип со пресуда ГЖ.бр.31/19 од 31.05.2019 година, жалбата на тужителот ја одбил како неоснована, а пресудата на Основниот суд Струмица П4.бр.34/18 од 16.11.2018 година ја потврдил. Задолжен е тужениот да му плати на тужителот на име дополнителни трошоци за одговор на жалба износ од 32.176,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

Против пресудата на Апелациониот суд Штип ГЖ.бр.31/19 од 31.05.2019 година, ревизија изјави тужителот, поради суштествени повреди на одредбите од Законот за парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиваните пресуди да се укинат и предметот да се врати на повторно судење пред првостепениот суд, или истите да се преиначат така што тужбеното барање на тужителот ќе се усвои, а тужениот ќе се задолжи да му ги надомести на тужителот трошоците сторени во текот на постапката, како и во постапката по ревизијата.

Врховниот суд на Република Северна Македонија по проучување на списите во предметот и наводите во ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на одредбата од член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е наводот во ревизијата за сторена суштествена повреда од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парничната постапка. Според Врховниот суд на Република Северна Македонија, побиваната пресуда со која е потврдена првостепената пресуда е јасна, разбирлива, истата содржи доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел судот при одлучувањето, па пресудата како таква може во целост да биде испитана.

Неоснован е и наводот во ревизијата за погрешна примена на материјалното право, ако при тоа се има во предвид фактичката состојба утврдена од пониските судови.

Имено, од страна на пониските судови во текот на постапката утврдено е дека тужителот на ден 19.07.2014 година со правното лице Друштво за производство, трговија и услуги К.ДС Компани ДООЕЛ с.Радово, чиј основач и законски застапник е тужениот, склучил договор за деловна соработка (откуп на земјоделски производи). Во член 5 од овој договор, помеѓу странките било договорено плаќањето на земјоделските производи да се врши 50% на денот на товарањето на робата, а 50% по земањето на робата, со валута наведена во фактурата, но не подолго од 60 дена. Двете правни лица почнале да постапуват по склучениот договор за деловна соработка - откуп на праски, па тужителот за испорачаните праски на Друштвото за производство, трговија и услуги КДС Компани ДООЕЛ с. Радово му изготвил фактури во кои фактурирал поединечни износи за испорачаните праски. По склучувањето на договорот за деловна соработка настанало проблем околу царинењето на стоката, кога возачот на камионот ангажиран од страна на КДС Компани на ден 25.07.2014 година, кој добил налог да изврши утовар на праски, при што кога истиот отишол во селото Росоман се сретнал со законскиот застапник на тужителот Менче и нејзиниот свекор, кои му рекле најпрво да се јави кај тужениот како законски застапник на Друштвото за производство, трговија и услуги КДС Компани ДООЕЛ с.Радово сега тужениот, за да види дали ќе се платат претходно товарените камиони со праски. Товарениот камион со праски бил

стопиран на царински терминал во Кавадарци, по што тужениот отишол во Кавадарци и во канцеларијата на адвокат Ц.ветанка Пендева Темелкова од Кавадарци потпишал изјава. Во оваа изјава тужениот изјавува дека заклучно со 30.07.2014 година согласно склучениот договор за деловна соработка од 19.07.2014 година обврзан е да исплати износ од 1.957.045,50 денари на тужителот. Воедно, во истата изјава се обврзува дека паричните средства од 1.957.045,50 денари ќе ги плати најдоцна до 30.07.2014 година, а како гаранција за горе наведениот износ ги остава пасошите и тоа македонски пасош, бугарски пасош, како и лична карта. По потпишувањето на оваа изјава камионот натоварен со праски бил расцаринет, а личните документи на тужениот ги зел брачниот другар на законската застапничка на тужителот. Како Друштвото за производство, трговија и услуги КДС Компани не постапувало по склучениот договор и превземените обврски по договорот односно не го платил износот од 1.957.045,50 денари во определениот рок по издадените фактури и рокот определен во изјавата составена кај нотар Цветанка Пендева Темелкова од Кавадарци до 30.07.2014 година, тужителот до нотар Јанко Милушев од Струмица, поднел предлог за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа против Друштвото за производство, трговија и услуги К.ДС Компани ДООЕЛ с.Радово за главен долг од 1.957.045,50 денари со законска казнена камата. Од страна на нотар Јанко Милушев од Струмица на ден 19.08.2014 година е донесено решение со кое се дозволува предложеното извршување, а по поднесен приговор од тужениот Друштво за производство, трговија и услуги К.ДС Компани ДООЕЛ с.Радово е поведена постапка пред Основниот суд Струмица. Основниот суд Струмица на ден 04.02.2015 година донел пресуда Пл.1 Тс бр.199/14 со која приговорот го одбил како неоснован а решението со кое е дозволено предложеното извршување врз основа на веродостојна исправа УПДР бр. 2469/14 донесено од нотар Јанко Милушев од Струмица на ден 19.08.2014 година го оставил во сила. Оваа пресуда е правосилна на ден 09.06.2015 година. Во периодот кога тужителот го поднел предлогот за донесување на решение врз основа на веродостојна исправа кај нотар Јанко Милушев од Струмица, сега тужениот ја имал потпишано изјавата составена од адвокат Цветанка Пендева Темелкова, бидејки во истата рокот на исполнување на обврската е до 30.07.2014 година. Со поднесената тужба тужителот бара согласно потпишаната изјава од тужениот, истиот да биде задолжен да го плати износот од 1.837.045,50 денари - долг на Друштвото за производство трговија и услуги К.ДС Компани ДООЕЛ с.Радово, кој долг е веќе утврден со правосилна пресуда на Основен суд Струмица ПЛ1-ТС.бр.199/14, односно од вкупно утврдениот долг во оваа пресуда 1.957.045,50 денари тужителот бара да се задолжи тужениот со износ од 1.837.045,50 денари.

Врз основа на претходно утврдената фактичка состојба, овој суд наоѓа дека пониските судови со правилна примена на материјалното право, правилно одлучиле кога тужбеното барање на тужителот спрема тужениот за долг во висина од 1.837.045,50 денари со камата, го одбиле како неосновано.

Пониските судови при донесувањето на пресудата ја имале предвид одредбата од член 434 став 1 од Законот за облигационите односи, согласно која, превземање на долг се врши со договор меѓу должникот и превземачот, со кој се согласил доверителот.

Имајќи ја предвид содржината на претходно цитираната одредба, правилно прифатиле пониските судови дека иако договорот за превземање на долг не е строго формален договор кој мора да биде склучен во строго пропишана задолжителна писмена форма, сепак за да се смета дека таков договор постои, мора да се докаже дека тужениот и правното лице КДС Компани ДООЕЛ с.Радово се согласиле да тужениот го превземе целиот долг кон тужителот.

Врховниот суд на Република Северна Македонија се согласува со заклучокот на пониските судови дека изјавата за превземање на долг дадена од тужениот, во која истиот навел дека долгот во износ од 1.957.045,50 денари ќе го плати на тужителот најдоцна до 30.07.2014 година, не ги содржи потребните елементи за да се смета за договор за превземање на долг, од кој би произлегла обврска за тужениот да го плати долгот на правното лице КДС Компани ДООЕЛ с.Радово на тужителот. Воедно, при донесувањето на пресудата, пониските судови го имале во предвид фактот дека правното лице КДС Компани ДООЕЛ с.Радово е активен правен субјект и за долгот кој сега тужителот го побарува од тужениот веќе е водена судска постапка и е донесен налог од страна на извршителот Данче Чурлинова спрема правното лице. Исто така, од увидот во приложената тековна состојба на Друштвото КДС Компани ДООЕЛ с.Радово, утврдено е дека ова правно лице е друштво со ограничена одговорност и дека согласно Актот за основање на друштвото, не е предвидена одговорност на основачот, односно на сега тужениот, за превземените обврски на друштвото.

Врховниот суд на Република Северна Македонија се согласува со заклучокот на пониските судови дека при состојба кога за долгот кој тужителот го побарува од тужениот веќе постои правосилна извршна пресуда ПЛ1-ТС.бр.119/14 донесена од Основниот суд Струмица, а со оглед дека и од страна на тужениот е потпишана изјава со која тужителот смета дека со истата тужениот му гарантира за овој долг, тужителот имал можност во постапката која ја завел пред судот спрема правното лице КДС Компани ДООЕЛ с.Радово да го опфати и сега тужениот како солидарен должник, а наместо тоа истиот поднел предлог за дозвола за извршување пред нотарот Јанко Милошев, само против правното лице КДС Компани ДООЕЛ с.Радово. По наоѓање на овој суд, доколку во конкретниот случај тужбеното барање на тужителот према тужениот би било усвоено за истиот долг за кој веќе постои правосилна извршна пресуда спрема правното лице КДС Компани ДООЕЛ с.Радово, во тој случај по истиот основ би постоеле и две извршни исправи за ист долг.

Поради претходно наведените причини, овој суд смета дека пониските судови со правилна примена на материјалното право, правилно одлучиле кога тужбеното барање на тужителот спрема тужениот за долг го одбиле како неосновано, поради што ги оцени како

неосновани наводите во ревизијата за погрешна примена на материјалното право.

При одлучувањето, овој суд ги имаше предвид и останатите наводи во ревизијата, меѓутоа најде дека истите се без влијание за донесување поинаква одлука.

Поради претходно наведените причини, следуваше да се одлучи како во изреката на оваа пресуда, согласно одредбата од член 384 став 1 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 29.10.2020 година под Рев2.бр.407/2019.

Претседател на советот-судија
Беса Адеми с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар

лд./